РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

**Су-07.бр.32/23**
**30.10.2023 година**
**С к о п ј е**

Судскиот администратор на Управен суд Ивана Смугреска, согласно член 36 став 1 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ бр.43/2014 … 235/2022), по спроведената постапката по објавениот Јавен Оглас бр.2/2023 од 06.09.2023 година за вработување на судски службеници на неопределено време, како и Предлогот на Комисијата за избор на судски службеници за работното место – „Судски советник за постапување по претставки и предлози“ Категорија В, Ниво В1, заведен под Су-04.бр.0401-318/23 од 24.10.2023 година, на 30.10.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работното место – „Судски советник за постапување по претставки и предлози“ Категорија В, Ниво В1 – 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

- **Евица Џајковска Јанкоска**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот суд на Република Северна Македонија, во дневните весници „Слободен печат“ и „Koha“, објави Јавен оглас бр.2/2023, за вработување на 3 (три) судски службеници на неопределено време и тоа:

1. Судски соработник за постапување по претставки и предлози – Категорија В, Ниво В1 – 1 (еден) извршител
2. Советник за јавни набавки – Категорија В, Ниво В1 – 1 (еден) извршител
3. Советник – информатичар – Категорија В, Ниво В1 – 1 (еден) извршител

По спроведената постапка за селекција за вработување, за работното место – „Судски соработник за постапување по претставки и предлози“ – Категорија В, Ниво В1 – 1 (еден) извршител, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од катергоријата на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Службен весник на РМ“

бр.236/2018), Комисијата за избор на судски службеници за вработување, за наведеното работно место, до Судскиот администратор достави Предлог на кандидати за вработување за работното место „Судски советник за постапување по претставки и предлози“ Категорија В, Ниво В1, заведен под Су-04.бр.0401-318/23 од 24.10.2023 година, со кој предлог за наведеното работно место се предлага кандидатот Евица Џајковска Јанкоска.

Согласно со член 36 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од пет дена по добивањето на предлогот на кандидати за вработување, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја предвид цитираната законска одредба, како и Предлогот на кандидати за вработување за работното место „Судски администратор“, заведен под Су-04.бр.0401-318/23 од 24.10.2023 година, Судскиот администратор одлучи како во изреката од оваа одлука.

**ДН: - Судски службеник**

- **Евиденција СУ**
- **Интернет страна на Судот**
- **Огласна табла на Судот**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од денот на доставувањето на одлуката, преку овој суд до Советот на судска служба.

**СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР**
**Ивана Смугреска**